РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-1982/3
17-09-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од подносителот ---------- --------- од ---------- на продолжението на 38-та седница одржано на ден 14.09.2020 година донесе

Одлука

Постапката по предметот број 12-4248 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-4248/1 од 12.09.2019 година, доставена од подносителот ---------- --------- од ----------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-4248 од 2019 година.

Предметот со број 12-4248 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4248 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4248/1 од 12.09.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносител – ---------- --------- од ---------- .

Во предметната пријава изнесени се наводи против судија на Основен суд ---------- и судија на Апелационен суд ----------, за незаконито и коруптивно работење при вршењето на нивната судиска функција и се бара да се направи увид во нивното работење а тие да бидат повикани на одговорност.

При разгледувањето на предметниот случај Државната комисија за спречување на корупцијата ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање за надлежно постапување до Судскиот совет на РСМ, за да постапи по доставената пријава и да достави известување за исходот од своето надлежно постапување .

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По барањето на Државната комисија доставен е одговор и по разгледувањето на целокупната документација за предметниот случај, од страна на ДКСК констатирано е следното:

- во конкретниот случај, станува збор за наводи против лицата ------- ----------, судија на Основен суд ---------- и --------- ----------, судија на Апелационен суд ---------- при постапувањето во парнична постапка водена по тужба поднесена од страна на подносителот против физичко лице за предавање во владение на дел од недвижен имот на кое тие двајца биле сосопственици а кој тој му го узурпирал - узурпирано куќно место,

- во врска со предметниот случај биле водени две судски постапки една во 2017 година и една во 2018 година, во првата постапка од страна на Основниот суд ----------, на 04.10.2017 година, била донесена пресуда ---------- во врска со тужбеното барање на подносителот, со која му било усвоено тужбеното барање а туженио се задолжувал да му го предаде во фактичко владение делот од недвижноста предмет на барањето. На оваа пресуда била вложена жалба од туженото лице по која одлучувал Апелациониот суд ---------- и кој донел решение ---------- дека жалбата се уважува а првостепената пресуда се укинува а предметот е враќа на првостепениот суд на повторно судење, а во образложението било наведено дена Основниот суд сторил суштествена повреда кога како доказ во постапката прифатил геодетски елаборат кој не можел да се примени во постапка за предавање во владение туку требало да биде доставено соодветно вештачење од овластен лиценциран вештак. Втората постапка била водена по тужба на подносителот и на 05.11.2018 година Основниот суд ---------- донел пресуда ---------- со која му се одбива тужбеното барање како неосновано, а на која тој вложил жалба до Апелациониот суд ---------- кој со пресуда ---------- од 22.05.2019 г. жалбата ја отфрлил како неоснована а првостепената пресуда ја потврдил, а со тоа на тужителот му била нанесена штета;

-подносителот на пријавата се сомнева за незаконито и коруптивно работење при вршењето на судиска функција на лицата --------- ----------, судија на Основен суд ---------- и --- ------ ----------, судија на Апелационен суд ----------, поради нивна поврзаност со тужителот и со цел остварување на лична корист па бара да се направи увид во нивното работење а тие да бидат повикани на одговорност.

- На ден 09.06.2020 година, од страна на Судски совет на РСМ доставен е одговор на барањето на ДКСК, во кое се известува дека од страна на лицето ---------- --------- од ---------- до Судскиот совет била доставена претставка УПП ---------- од 28.01.2019 година, во која подносителот изразил незадоволство од работењето на судија на Основниот суд ----------, а во врска со предмет ----------. Судскиот совет, постапувајќи по претставката, согласно член 6 од Законот за постапување по претставки и предлози („Службен весник на РМ" бр.82/2008, 13/2013, 156/2015 и 193/2015), прибира податоци, известувања и мислења за фактите и околностите од значење за нивно оценување и во смисла на член 36 став 2 од Законот за Судскиот совет на РМ („Службен весник на РМ" бр.60/2006, 150/2010, 100/2011, 20/2015, 61/2015, 197/2017 и

83/2018), истата ја разгледал на седницата на Судскиот совет одржана на 28.02.2019 година. По расправата на подносителот му било доставено известување од 07.03.2019 година, за надлежното постапување на Советот односно за следното: Советот констатирал дека во случајот се работело за судски предмет кој бил се уште во тек и по кој постапката не била завршена; првостепениот суд при повторното постапување ги следел и постапил согласно напатствијата дадени во одлуката на второстепениот суд; незадоволството од подносителот изразено во претставката претставувале жалбени наводи, но правната работа била во тек, па по донесување на одлуката истиот имал право на жалба во која можел да ги изложи наводите од претставката, односно да се искористи правото на контрола на донесената одлука и доколку сметал дека била сторена било каква повреда од страна на првостепениот суд за истата одлучувал второстепениот суд во постапка предвидена со закон. Воедно подносителот бил известен дека Судскиот совет немал надлежност да одлучува за менување или укинување на одлука донесена од суд, а судската одлука можел да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, а согласно чл.13 став 3 од Законот за судовите, па врз основа на наведеното, а со оглед дека постапката пред првостепениот суд била се уште во тек, подносителот требало да го сочека исходот од истата, а од страна на судијата кој постапувал по предметот немало елементи за нестручно и несовесно постапување бидејќи истиот ги следел напатствијата дадени од второстепениот суд, поради што претставката поднесена до Судскиот совет била неоснована.

На 04.09.2019 година, истиот подносител повторно доставил претставка, заведена под број УПП ----------, со наводи како и претходно доставената претставка. Со оглед на тоа дека претставката се однесувала на прашања на кои на подносителот веќе му било одговорено, согласно член 11 од Законот за постапување по претставки и предлози, немало основ за постапување по истата и Судскиот совет констатирал предметот да се смета за завршен и за истото на подносителот му било доставено известување од 25.10.2019 година.

Врз основа на сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во предметниот случај се работи за наводи по прашање кое е во надлежност на постапување на друг надлежен орган – Судски совет на РСК, кој постапил по предметните наводи и за тоа го известил подносителот на пријавата при што, а со оглед на фактот дека предметната постапка пред првостепениот суд била се уште во тек, го упатила подносителот дека треба да го сочека исходот од истата и со можност да го искористи правото на контрола на донесената одлука, доколку ќе биде незадоволен од донесената одлука и доколку сметал дека била сторена било каква повреда од страна на првостепениот суд. Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметната пријава се запира и предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Одлучено на ден 14 септември 2020 година под бр. 12- 1982/3

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Софка Пејовска Дојчиновска

Доставено до :

- Архива
- Подносител

Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил : м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК